На **20.09.2018** година, Националниот превентивен механизам спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор (ПС за ГП и ГН) Стар Дојран.

Посетата е извршена согласно мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам утврден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, со цел утврдување на реалната, односно објективната состојба и условите во оваа Полициска станица, во насока на идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на ПС за ГП и ГН Стар Дојран започна со разговор со командирот на Полициската станица, на кој му беше презентиран мандатот и надлежностите на Националниот превентивен механизам, се изврши увид во службените и помошни простории, увид во поединечни досиеја на приведени, лишени од слобода и задржани лица, како и во регистрите кои се водат во Полициската станица (регистар за дневни настани, за повикани лица, приведени и задржани лица).

Тимот на Националниот превентивен механизам имаше можност да изврши увид во книгите за евиденции, при што констатираше дека има недостатоци во поглед на водењето на регистрите, недоволна ажурност, недостаток на податоци во одредени рубрики и исправки направени со коректурен лак.

При посетата, од страна на НПМ тимот во канцеларијата на заменик-командирот беше забележана гумена палка-пендрек, што би можело да има

заплашувачки ефект врз лицата со коишто се вршат разговори или пак, им се врши претрес.

НПМ тимот утврди дека во ПС за ГП и ГН Стар Дојран се спроведуваат и се организираат редовни и континуирани обуки на најразлични тематски содржини, а дел од поискусните полициски службеници држат обуки како ментори.

НПМ тимот беше информиран дека во Полициската станица за ГП и ГН Стар Дојран нема посебни простории за распит и претрес на приведени и лица лишени од слобода. Во просториите кои се користат за вршење претрес и разговор со привремено задржаните лица, не се истакнати соодветни постери со поуки за правата на лицата на странски јазик.

НПМ тимот утврди дека во оваа Полициска станица во Регистрите за евиденција, има недостатоци во пополнувањето на дел од рубриките и се користи коректурен лак.

За посетата Националниот превентивен механизам изготви Посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на Полициската станица, со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.